Врз основа на член 65 став 1 и став 4, а во врска со член 63 став 1 точка 9 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05 ,24/07, 116/2010, 47/2011 и 51/2011), Министерството за култура распишув КОНКУРС за финансирање манифестација од национален интерес

,,ТОПОЛ КУЛТУРЕН БРАН 2012 ГОДИНА''

I.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ И ПРИОРИТЕТИ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА

НАЦИОНАЛНИОТ ИНТЕРЕС

Со цел да се поттикнат рамномерниот културен развој, афирмацијата на културните вредности и анимирање на културата на локално ниво и да се обезбедат услови за достапност на граѓаните до културните вредности и нивно користење, Министерството за култура во 2012 година обезбеди средства од Буџетот на Република Македонија за реализација на манифестацијата ,,Топол културен бран“.

На конкурсот може да учествуваат сите општини во Република Македонија, а Манифестацијата ќе се реализира преку заедничко финансирање од страна на Министерството за култура и Локалната самоуправа како партнерство за остварување на културните потреби на сите граѓани.

Манифестацијата ќе се реализира во две етапи: првата од 20 до 31 јули и втората од 20 до 31 август 2011 година.

II. УСЛОВИ ЗА КОНКУРИРАЊЕ

На конкурсот, со пријавата, општините треба да достават програма во која се

соджани одделни проекти. Проектите содржани во програмата можат да бидат од сите области на културата: филм, театар, музика, танц, литература и ликовна уметност.

Програмскиот концепт може да содржи самостојни и групни ликовни изложби, концерти од сите музички форми и жанрови (солистички, камерни, симфониски, популарни, етно, џез, концерти на фолклорни и хорски ансамбли и слично), изведби на класичен и современ танц, филмски проекции, драмски претстави, проекти наменети за најмладата популација, поетски читања и друго.

Министерството за култура ќе учествува во финансирањето на најмногу пет проекти распоредени во двете етапи.

Учесниците ќе бидат писмено известени за резултатите од конкурсот во рок од 45 дена од денот на објавувањето на овој конкурс во средствата за јавно информирање.

За реализација на прифатените програми кои ќе бидат составен дел од манифестацијата ,,Топол културен бран 2012 година'', Министерството за култура ќе склучи поединечни договори со општините.

Пријавувањето на проектите се врши со пополнување на пријавата објавена на веб-локацијата на Министерството за култура (www.kultura.gov.mk).

Ненавремените и непотполните пријави нема да се разгледуваат.

III. НАЧИН И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Конкурсот трае 30 дена од денот на објавувањето во средствата за јавно информирање, а ќе биде објавен и на веб-локацијата на Министерството за култура (w ww.kultura.gov.mk
). Пријавите треба да се достават до Министерството за култура преку пошта, на адреса

ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“, бр. 61, Скопје или во писарницата на Министерството, најдоцна до 16 часот на последниот ден од конкурсот.

Материјалите доставени на конкурсот не се враќаат. Дополнителни информации во врска со конкурсот може да се добијат на тел. 02/ 3240-554 и 3240-556.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Пријава за манифестација Топол културен бран 2012